**Влада на Република Македонија**
**Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој**

Врз основа на член 14 став 2 (а) од Законот за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Комисијата на Европските Заедници за правилата за соработка во однос на финансиската помош од ЕК на Република Македонија и спроведување на помошта според компонента V (ИПАРД) од инструментот за претпристапна помош ("Сл. весник на РМ" бр. 165/2008) и врз основа на Дел V став (5) од Програмата за користење на средствата од Инструментот за претпристапна помош за рурален развој на Европската Унија (ИПАРД) за период 2007-2013 ("Сл. весник на РМ"" бр. 83/2009),

**Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој**

на 28 февруари 2011 година објавува

# ЈАВЕН ПОВИК бр.01/2011

за доставување на барања за користење на средства од
ИПАРД Програмата 2007-2013

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (во понатамошен текст: Агенцијата) како надлежна институција и договорен орган за спроведување на Инструментот за претпристапна помош за рурален развој на ЕУ (ИПАРД) ги повикува сите заинтересирани физички и правни лица од Република Македонија да доставаат барања за користење на средства од ИПАРД Програмата 2007-2013 за следните мерки:

**Мерка 101 - Инвестиции на земјоделските стопанства со цел нивно преструктуирање и надградба за достигнување на стандардите на Европската Унија**

**Мерка 103 - Инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделските и рибните производи со нивно преструктуирање и надградба за достигнување стандардите на Европската Унија**

**Мерка 302 - Диверзификација и развој на руралните економски активности**

**1.** Вкупниот износ на финансиските средства за спроведување на овој Јавен повик изнесува во евра 20.720.000,00 или во денари 1.274.393.960,00 од кои

- 75% од средствата се обезбедени од Европската Унија и

- 25% од средствата се обезбедени од Буџетот на Република Македонија.

**2. Финансиски средства по поединечно барање** се доделуваат како неповратна финансиска поддршка (грант) во износ од 50% од вредноста на прифатливите трошоци, односно 55% за барање поднесено од носител на земјоделско стопанство не постар од 40 години на денот на поднесување на барањето за користење на средства по мерка 101.

**3. Крајниот рок за поднесување на барањата е 14.04.2011 година.**

**4. Подигнување на обрасци и упатства:**

Потребните обрасци од „Барањето за користење на средства од ИПАРД Програмата 2007-2013“ како и„Упатство за корисници на средства од ИПАРД Програмата 2007-2013“ во кој се содржани сите информации за критериумите, условите за прифатливост на проектите и условите за финансирање и останати информации кои се неопходни за изготвување на барање за користење на средства од ИПАРД Програмата 2007-2013Упатство за изготвување на Деловен План, Упатства за издавање на неопходната документација од надлежните институции и останати корисни информации во електронска верзија може да се превземат на веб-адресата на Агенцијата: **www.ipardpa.gov.mk**.

Печатените обрасци од барањето за користење на средства од ИПАРД Програмата 2007-2013 и Упатство за корисници на средства од ИПАРД Програмата 2007-2013 може да се подигнат директно во Агенцијата на адреса:

**Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој,**

**ул. Скупи 3а**

**1000 Скопје**

и во најблиските регионални центри или работни единици на **Агенцијата за поттикнување на развој во земјоделството** секој работен ден **од 8:30 до 16:30 часот**. (Листата на регионални центри или работни единици на Агенцијата за поттикнување на развој во земјоделството со податоци за контакт е објавена на веб-адресата **www.ipardpa.gov.mk**).

**5. Начин на поднесување на барањето:**

Барателот треба да пополни и поднесе Барање за користење на средствата од ИПАРД Програмата 2007-2013 за поединечна мерка, Деловен План изработен согласно Упатството за изработка на Деловен План и придружна документација како што е наведена во Барањето за користење на средствата од ИПАРД Програмата 2007-2013. Подетални информации за специфичните барања за прифатливост се наведени во Упатство за корисници на средства по ИПАРД Програмата 2007-2013.

Барањето за користење на средствата од ИПАРД Програмата 2007-2013 и Деловниот план се изработуваат на македонски јазик.

Пополнетото барање за користење на средства од ИПАРД Програмата 2007-2013 заедно со Деловниот план и целокупната потребна документација се доставуваат во затворен плик со назнака на предната страна на пликот во горниот лев агол “НЕ ОТВАРАЈ“ за Јавен оглас ИПАРД број 01/2011 и назначување на шифрата на мерката за која се поднесува барањето. Барањето може да се достави по пошта како препорачана пратка или лично во писарницата на Агенцијата.

**Напомена:** Барањето за користење на средства од ИПАРД Програмата 2007-2013, Деловниот План и доставената документација НЕ СЕ ВРАЌААТ. Заради извршувањето на контролата на терен од страна на Агенцијата потребно е барателот да има кај себе копии од целокупната документација доставена до Агенцијата.
Подетални информации на контакт тел. (02) 3097 - 460 или на контакт е-маил адреса: ipardpa.info@ipardpa.gov.mk и на веб-страната: www.ipardpa.gov.mk.

**Општи насоки за изготвување на барањето по**
**Јавен оглас бр. 01/2011**

| | |
|---|---|
| **1.** | **Општи цели на ИПАРД Програмата 2007-2013** |
| | Целта на ИПАРД Програмата 2007-2013 е преку соодветни мерки за поддршка на земјоделството и руралниот развој да се подобри конкурентноста на земјоделското производство и земјоделско-прехрамбениот сектор преку нивно усогласување со стандардите на Европската Унија и постигнување на одржлива животна средина и социо-економски развој на руралните средини преку поттикнување на економската активност и зголемување на можностите за вработување, преку следниве приоритети:<br>- подобрување на конкурентноста на економски оддржливи земјоделски стопанства и земјоделско-прехрамбени капацитети во одредени под-сектори преку инвестиции наменети за подобрување на технолошката и пазарната инфраструктура со цел да се зголеми додадената вредност на земјоделските производи и да се достигнат стандардите на Европската Унија за квалитет, здравствена исправност, безбедност на храната, благосостојба на животните и стандардите за заштита на животната средина.<br>- подобрување на квалитетот на живот на руралната популација, зголемување на приходот во руралните средини и создавње на можности за нови вработувања преку развој и диверзификација на економски активности на земјоделски стопанства за да се намали диспаритетот помеѓу регионите и споредбено со урбаните средини. |
| **2.** | **Приоритети за доделување на финансиска поддршка** |
| | Во согласност со целите на ИПАРД Програмата 2007-2013, главните приоритети за финансиска поддршка се следниве:<br>а) Согласно Приоритетна Оска 1 – Подобрување на пазарната ефикасност и имплементација на стандардите на Европската Унија:<br><br>**Мерка 101 - Инвестиции на земјоделските стопанства со цел нивно преструктуирање и надградба за достигнување на стандардите на Европската Унија**<br><br>**Мерка 103 - Инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделските и рибните производи со нивно преструктуирање и надградба за достигнување стандардите на Европската Унија**<br>б) Согласно Приоритетна Оска 3 – Развој на економијата во руралните средини:<br><br>**Мерка 302 - Диверзификација и развој на руралните економски активности** |
| **3.** | **Предмет и услови за користење на финансиска поддршка за мерка 101** |
| | Финансиската поддршка за мерка 101 е наменета за земјоделско производство во приоритетните сектори лозарство (1011), овоштарство (1012), градинарство (1013), одгледување на млечен добиток за примарно производство на сурово млеко (1014) и одгледување на добиток и живина за тов за производство на месо (1015).<br>Инвестициите можат да се реализираат на целата територија на Република Македонија.<br>Групите на инвестиции по приоритетни сектори се однесуваат на следниве типови на инвестиции: |
| **шифра** | ***Тип на инвестиција*** |
| **10111** | **Обновување на постоечките лозови насади** |
| **10121** | **Обновување на постоечките овошни насади** |

| | |
|---|---|
| **10131** | **Изградба и обновување на пластеници (со исклучок на тунелски фолии)** |
| **10132** | **Обновување на постоечки стаклениции** |
| **10133** | **Изградба и обновување на објектите за постбербени активности на постоечки пластеници и стаклениции (со исклучок на тунелски фолии)** |
| **10134** | **Модернизација на производството на зеленчук на отворено** |
| **10141** | **Изградба/обновување на објекти за одгледување на молзни крави, овци и кози** |
| **10142** | **Набавка на наменска опрема за молзење, ладење и складирање на млекото** |
| **10151** | **Изградба/обновување на објектите за одгледување на маторици и свињи во тов** |
| **10152** | **Воспоставување на нови живинарски капацитети на земјоделски стопанства за одгледување на бројлери и модернизација на постоечките** |
| **3.1.** | **Баратели за користење на средства од мерка 101 можат да бидат земјоделски стопанства , кои се регистрирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства во МЗШВ во согласност со Законот за земјоделство и рурален развој** („Сл. весник на РМ“ бр. 49/10 ) како:<br>**а) Индивидуални земјоделски производители** - физички лица (носители на семејно земјоделско стопанство или вршители на земјоделска дејност – индивидуален земјоделец) кои се занимаваат со земјоделството во свое име и за своја сметка и кој е сопственик на земјоделскиот имот или кој има право за користење на земјоделскиот имот на земјоделското стопанство по правен основ;<br>**б) Правно лице** основано во согласност со Законза трговските друштва („Сл. весник на РМ“ бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10), и регистрирано во Централниот регистар за земјоделска дејност [според Националната класификација на економски активности („Сл. весник на РМ“ бр. 147/08)];<br>**в)**<br>**Задруги** основани во согласност со Закон за задругите („Сл. весник на РМ“ бр. 54/02, 84/05) кои се регистрирани за земјоделска дејност и кои се регистрирани во Централниот регистар [според Националната класификација на економски активности („Сл. весник на РМ“ бр. 147/08) ];<br>**г) Останати физички и правни лица** , кои започнуваат со земјоделска дејност доколку ги исполнуваат посебните услови за големина на производен капацитет на барателите по приоритетните сектори;<br><br>**2) Големина на производни капацитети на земјоделското стопанство:** |

| Корисници | Приоритетен сектор | Група на инвестиции | Единица мерка | Големина на прифатливи капацитети Мин. | Макс. |
|---|---|---|---|---|---|
| **Индивидуален земјоделски производител** | | | | | |
| *Растително земјоделство* | **1011 Лозови насади** | | | | |
| | | **10111** | **ха** | **0,5** | **20** |
| | **1012 Овоштарници** | | | | |
| | | **10121** | **ха** | **0,5** | **15** |
| | **1013 Градинарство** | | | | |
| | - пластеници | **10131;10133** | **ха** | **0.3** | **3** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | - стакленици | 10132; 10133; | ха | 0,1 | 2,5 |
| | - на отворено | 10134 | ха | 0,5 | 15 |
| *Сточарство* | **1014 Примарно производство на сурово млеко** | | | | |
| | - молзни крави | 10141; 10142 | грла | 10 | 100 |
| | - молзни кози | 10141; 10142 | грла | 50 | 500 |
| | - молзни овци | 10141; 10142 | грла | 300 | 3.000 |
| | **1015 Производство на месо** | | | | |
| | - товни свињи | 10151 | грла* | 2,000 | 8,000 |
| | - маторици | 10151 | грла | 40 | 100 |
| | - бројлери | 10152 | птици* | 5.000 | 30.000 |
| **Земјоделски задруги, правни лица што се занимаваат со земјоделство или правни лицакои влегуваат во земјоделските активности** | | | | | |
| *Растително земјоделство* | **1011 Лозови насади** | | | | |
| | | 10111 | ха | 0,5 | 50 |
| | **1012 Овоштарници** | | | | |
| | | 10121 | ха | 0,5 | 30 |
| | **1013 Зеленчукови насади** | | | | |
| | -пластеници | 10131;10133 | ха | 1 | 8 |
| | -стакленици | 10132;10133 | ха | 15 | 6 |
| | -на отворено | 10134 | ха | 0.5 | 30 |
| *Сточарство* | **1014 Производство на млеко** | | | | |
| | - молзни крави | 10141; 10142 | грла | 15 | 150 |
| | - молзни кози | 10141; 10142 | грла | 80 | 800 |
| | - молзни овци | 10141; 10142 | грла | 500 | 8.000 |
| | **1015 Производство на месо** | | | | |
| | - товни свињи | 10151 | грла[1] | 2.000 | 30.000 |
| | -маторици | 10151 | грла | 40 | 400 |
| | - бројлери | 10152 | птици[1] | 5.000 | 60.000 |

[1]**Годишен обрт**

**3) Одговорното лице/носителот на земјоделското стопанство:**

– треба да има завршено минимум средно образование[2] или
– да поседува уверение за обука издадено од релевантни институции за одржување на обуката согласно Законот за стручно образование и обука (“Сл. весник на РМ“ бр. 71/06; 117/08; 148/09), придружено со листа на тематики од обуката кои се поврзани со предложената инвестицијата[2];
– не смее да биде постар од 59 години старост (за мажи) и 57 години старост (за жени) на денот на објавување на јавниот повик, земајќи ја во предвид старосната граница за пензионирање од 64 години за мажи и 62 за жени во согласност со одредбите од Законот за пензиското и инвалидското осигурување “Сл. весник на РМ“ бр. 80/93, 14/95, 71/96, 32/97, 24/00, 96/00, 5/01, 85/03, 50/04, 4/05, 84/05, 101/05 , 70/06), 153/07, 152/08, 161/08, 81/09, 156/09, 83/10);
– одговорното лице на правното лице мора да биде во редовен работен однос во

| | |
|---|---|
| | правното лице-барател. Во случај кога правното лице има повеќе одговорни лица, одговорното лице кое е подносител на Барањето за користење на средства од ИПАРД Програмата 2007-2013 мора да биде во редовен работен однос во правното лице-барател.<br>[2]**Напомена:** Барателите кои не ги исполнуваат условите за образовни квалификации треба да изјават дека се согласни да посетат обука организирана во рамките на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој пред да поднесат барање за финална исплата. |
| 3.2. | **Висина на финансирање по мерка 101**<br><br>**Минималната вредност** на прифатливи трошоци е 5.000 евра (307.527,50 во денарска противвредност)<br>**Максималната вредност** на прифатливи трошоци неможе да надмине:<br>– **200.000 евра** (12.301.100,00 во денарска противвредност) од вкупните прифатливи трошоци на инвестициите чија цел е да се постигнат релевантните стандарди на Европската Унија поврзани со предложената инвестиција по реализација на инвестицијата или<br>– **400.000 евра** (24.602.200,00 во денарска противвредност) од вкупните прифатливи трошоци на инвестициите чија цел е целосна усогласеност на производствената дејност на земјоделското стопанство со релевантните стандарди на Европската Унија по реализација на инвестицијата.<br>**Други финансиски ограничувања** кои се применуваат:<br>***а) За обновување на повеќегодишни насади:***<br>– Прифатливите трошоци на инвестиции во набавка на земјоделска опрема (со исклучок на вкупните прифатливи трошоци за инвестиции во систем за наводнување) не треба да надминуваат 35% од вкупните прифатливи трошоци предвидени во рамките на буџетот на проектот;<br>– Вкупните прифатливи трошоци на инвестициите набавка на опрема (со исклучок на вкупните прифатливи трошоци за инвестиции во систем за наводнување) не треба да надминува 70.000 евра (4.305.385,00 во денарска противвредност) за проект кој има за цел исклучиво надградба и модернизација на земјоделските активности за обработка на повеќегодишни насади;<br>***б) За изградба и реконструкција на пластеници (со исклучок на тунелски фолии) или постоечки стакленици:***<br>– Вкупните прифатливи трошоци на инвестиции во земјоделска опрема (со исклучок на вкупните прифатливи трошоци за инвестиции во систем за наводнување) не треба да надминуваат 25% од вкупните прифатливи трошоци предвидени во рамките на буџетот на проектот, доколку целокупниот проект има за цел реконструкција на постојани пластеници и стакленици (со исклучок на тунелски фолии);Вкупните прифатливи трошоци на инвестиции во земјоделска опрема (со исклучок на вкупните прифатливи трошоци за инвестиции во систем за наводнување) не треба да надминуваат 50.000 евра (3.075.275,00 во денарска противвредност) ако целокупниот проект има за цел само надградба и модернизација на земјоделските активности за одгледување на зеленчук во пластеници или стакленици (со исклучок на тунелски фолии);<br>***в) За модернизација на одгледување на зеленчук на отворено***<br>– Вкупните прифатливи трошоци на инвестиции во земјоделска опрема (со исклучок на вкупните прифатливи трошоци за инвестиции во систем за наводнување) не треба да надминуваат 50.000 евра (3.075.275,00 во денарска противвредност);<br>***г) За изградба и реконструкција на објекти за одгледување на добиток:***<br>– Вкупните прифатливи трошоци на инвестициите во опрема за чување на сточна храна и специјализирана опрема за производство на сточна храна не треба да надминува 45% од вкупните прифатливи трошоци (со исклучок на вкупните прифатливи општи трошоци) |

| | |
|---|---|
| | предвидени во рамките на буџетот на проектот, доколку целокупниот проект има за цел реконструкција на придружни објекти за складирање и чување на сточна храна и плевни;<br>– Вкупните прифатливи трошоци на инвестициите во специјализирана опрема за производство на сточна храна не треба да надминува 25% од вкупните прифатливи трошоци на инвестициите (со исклучок на вкупните прифатливи општи трошоци) предвидени во рамките на буџетот на проектот, доколку целокупниот проект има за цел реконструкција на објекти за одгледување на маторици и свињи за тов, вклучувајќи и реновирање на објекти за складирање на сточна храна;<br>– Вкупните прифатливи трошоци на инвестиции во набавка на опрема не треба да надминува 90.000 евра (5.535.495,00 во денарска противвредност) ако целокупниот проект има за цел само надградба и модернизација на земјоделските активности за одгледување на маторици и свињи за тов и бројлери;<br><br>**Максималниот износ на прифатливи трошоци за ко-финансирање на еден корисник неможе да надмине 530.000 евра во рамките на финансиски период 2007-2013 година.**<br>**Еден корисник може да поднесе повеќе барања за користење на средства од ИПАРД Програмата 2007-2013, под услов да не го надмине максималниот износ на прифатливи трошоци за финансирање и доколку претходните проекти се успешно завршени, односно финансиската поддршка е целосно исплатена.** |
| **4.** | **Предмет и услови за користење на финансиска поддршка за мерка 103** |
| | Финансиската поддршка за мерка 103 е наменета за земјоделско-прехрамбениот сектор во приоритетните сектори винарство (1031), преработка и складирање на овошје и зеленчук (1032), преработка на млеко и производство на млечни производи (1033), производство на свежо месо и месни преработки (1034).<br>Инвестициите можат да се реализираат на целата територија на Република Македонија.<br><br>Групите на инвестиции по приоритетни сектори се однесуваат на следниве типови на инвестиции: |
| **шифра** | ***Тип на инвестиција*** |
| **10311** | **Инвестиции за набавка на опрема за подобрување на квалитетот на виното** |
| **10321** | **Инвестиции за изградба и обновување на објекти за воспоставување и модернизирање на откупни центри за овошје и зеленчук** |
| **10322** | **Инвестиции за набавка на опрема за подобрување и модернизирање на производствените технологии во капацитетите за преработка на овошје и зеленчук** |
| **10331** | **Инвестиции за изградба и обновување на објекти за воспоставување и модернизирање на собирни центри за млеко** |
| **10332** | **Инвестиции за модернизирањето и технолошкото осовременување на специјализирани капацитети за преработка на млеко** |
| **10341** | **Инвестиции за воспоставување на кланични капацитети за живина** |
| **10342** | **Модернизирање и технолошко осовременување на постоечките кланични линии за говеда, свињи и живина** |
| **10343** | **Инвестиции во кланични капацитети и капацитети за преработка на месо за заштита на животната средина** |
| **4.1.** | **Баратели за користење на средства од мерка 103 можат да бидат економски одржливи правни лица**основани во рангот на мал или среден трговец[3] и се регистрирани во Централниот регистар во согласност со Законот за трговски друштва („Сл. весник на РМ“ бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10), , без државен капитал во сопственичката структура и кои се регистрирани ДДВ обврзници согласно Законот за ДДВ („Сл. весник на РМ“ бр. 44/99, 59/99, 86/99, 11/00, 8/01, 21/03, 19/04, 33/06, 101/06, 114/07, 103/08, 114/09, 133/09). |

[3]**Напомена:** Правните лица кои се во рангот на голем трговец односно вработуваат до 250 лица и кои имаат годишен обрт кој не надминува 50 милиони евра и / или годишен вкупен биланс на состојба кој не надминува 43 милиони евра може да се јават како баратели доколку инвестицијата е наменета за дел од правното лице и е наменета за целосно усогласување со релевантните стандарди на Европската Унија.

**Баратели за користење на средства од мерка 103-тип на инвестиција 10321 и 10331 можат да бидат и економски одржливи земјоделски задруги** основани согласно Закон за задругите („Сл. весник на РМ“ бр. 54/02, 84/05) и кои се регистрирани во Централниот регистар со претежна дејност земјоделство според Националната класификација на економски активности („Сл. весник на РМ“ бр. 147/08).

**2) Големина на производни капацитети:**

| **Приоритетен сектор** | **Корисници** | **Група инвестиции** | **единица мерка**[4] | **Големина на прифатливи капацитети** | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | **Мин.** | **Макс.** |
| **1031 Винарство** | | | | | |
| | | **10311** | **hl** | **1.500** | **55.000** |
| **1032 Преработка на овошје и зеленчук:** | | | | | |
| - капацитет за собирање / капацитет за ладење и складирање | | **10321** | **тони** | **500** | **3.000** |
| - сушење | | **10322** | **тони** | **40** | **500** |
| - замрзнување | | **10322** | **тони** | **500** | **5.000** |
| - конзервирање | | **10322** | **тони** | **500** | **5.000** |
| **1033 Преработка на млеко и млечни производи:** | | | | | |
| - капацитет за собирање / капацитет за ладење и складирање | | **10331** | **литри на ден** | **1.500** | **30.000** |
| - капацитет за преработка | | **10332** | **литри на ден** | **5.000** | **100.000** |
| **1034 Месни производи** | | | | | |
| Капацитет за колење | -живина | **10341; 10342; 10343** | **грла на ден** | **5.500** | **30.000** |
| | -говеда | **10342; 10343** | **грла на ден** | **15** | **150** |
| | -свињи | **10342; 10343** | **грла на ден** | **20** | **300** |
| | -јагниња | **10343** | **грла на ден** | **50** | **4,000** |
| Преработка на месо | - капацитети за преработка | **10343** | **тони** | **2.000** | **25.000** |

[4]**инсталирани капацитети:**

- **за вино, изразено во хектолитри вино годишно**
- **за овошје и зеленчук, изразено во тони свежо овошје и зеленчук годишен капацитет за собирање или во тони готов производ од преработено свежо овошје и зеленчук**
- **за млеко и млечни производи, изразено во литри на ден собирен капацитет или литри на ден капацитет за преработка на суровина**
- **за колење, изразено во грла на ден**

| | |
|---|---|
| | - **за преработка на месо, изразено во тони годишно**<br>**3) Одговорното лице на правното лице:**<br>– да поседува професионалното образование стекнато во согласност со Правилникот за начинот на проверка на знаењата и начинот на издавање на потврди за стекнати основни знаења за хигиена на храната и заштита на животната средина ("Сл. весник на РМ" бр. 118/2005),<br>– не смее да биде постар од 59 години старост (за мажи) и 57 години старост (за жени) на денот на започнување на инвестицијата, земајќи ја во предвид старосната граница за пензионирање од 64 години за мажи и 62 за жени во согласност со одредбите од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Сл. весник на РМ" бр. 80/93, 14/95, 71/96, 32/97, 24/00, 96/00, 5/01, 85/03, 50/04, 4/05, 84/05, 101/05 , 70/06), 153/07, 152/08, 161/08, 81/09, 156/09, 83/10),<br>– одговорното лице на правното лице мора да биде во редовен работен однос во правното лице-барател. Во случај кога правното лице има повеќе одговорни лица, одговорното лице кое е подносител на Барањето за користење на средства од ИПАРД Програмата 2007-2013 мора да биде во редовен работен однос во правното лице-барател. |
| **4.2.** | **Висина на финансирање по мерка 103**<br>**Минималната вредност** а на прифатливи трошоци е 15.000 евра (922.582,50 во денарска противвредност)<br>**Максималната вредност** а на прифатливи трошоци неможе да надмине:<br>– **400.000 евра** (24.602.200,00 во денарска противвредност) од вкупните прифатливи трошоци на инвестициите чија цел е да се постигнат релевантните стандарди на Европската Унија по реализација на инвестицијата или<br>– **800.000 евра** (49.204.400,00 во денарска противвредност) од вкупните прифатливи трошоци на инвестициите чија цел е целосна усогласеност на производниот капацитет со релевантните стандарди на Европската Унија поврзани со предложената инвестиција по реализација на инвестицијата или<br>– **3.000.000 евра** (184.516.500,00 во денарска противвредност) од вкупните прифатливи трошоци на инвестициите кои се однесуваат за воспоставување на нови кланични капацитети за живина целосно усогласени со стандардите на Европската Унија.<br><br>**Максималниот износ на прифатливи трошоци за ко-финансирање на еден корисник неможе да надмине 1.100.000 евра во рамките на финансиски период 2007-2013 година. Еден корисник може да поднесе повеќе барања за користење на средства од ИПАРД Програмата 2007-2013, под услов да не го надмине максималниот износ на прифатливи трошоци за финансирање и доколку претходните проекти се успешно завршени, односно финансиската поддршка е целосно исплатена.** |
| **5.** | **Предмет и услови за користење на финансиска поддршка за мерка 302** |
| | Финансиската поддршка за мерка 302 е наменета за руралната популација за инвестиции во приоритетните сектори: поддршка на микро претпријатијата во руралните средини (3021) и инвестиции за промовирање на активности за рурален туризам (3022).<br>Инвестициите мора да се реализираат во рурални средини **(наведени во Прилог 11: Список на рурални подрачја во Република Македонија од Упатството за корисници на средства од ИПАРД Програмата 2007-2013)**.<br><br>Групите на инвестиции по приоритетни сектори се однесуваат на следниве типови на инвестиции: |
| **шифра** | ***Тип на инвестиција*** |
| **30211** | **Инвестиции за воспоставување на преработувачки капацитети на земјоделско стопанство и вон земјоделско стопанство** |

| | |
|---|---|
| **30212** | **Инвестиции за воспоставување и модернизација на откупни центри за печурки и лековити/ароматични и зачински билки и капацитети за одгледување на печурки** |
| **30213** | **Инвестиции за воспоставување на работилници за традиционални занаетчиски дејности и работилници за одржување на земјоделска механизација** |
| **30221** | **Инвестиции за реконструкција на објекти на земјоделско стопанство наменети за рурален туризам, и надополнети со рекреативни капацитети** |
| **30222** | **Инвестиции за градење на угостителски објекти, сместување на отворено (кампови) и капацитети за рекреација** |
| **5.1.** | **Баратели за користење на средства од мерка 302 можат да бидат:а) За воспоставување на преработувачки капацитети на земјоделско стопанство - земјоделски стопанства -** кои се регистрирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства во МЗШВ во согласност со Законот за земјоделство и рурален развој (“Сл. весник на РМ“ бр. 134/2007,49/10),<br>**б) За воспоставување на преработувачки капацитети вон земјоделско стопанство - правни лица** кои се основани согласно Законот за трговски друштва („Сл. весник на РМ“ бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10) и се регистрирани во Централниот регистар како трговец поединец или трговско друштво во рангот на микро трговец; или како занаетчии согласно Законот за занаетчиска дејност („Сл. весник на РМ“ бр. 62/04, 55/07, 115/10) и регистрирани во Комора на занаетчии за вршење на дејност производство на храна согласно **Списокот на преработувачки дејности и производни активности од Прилог 6 од Упатството за корисници на средства од ИПАРД Програмата 2007-2013**.<br>**в) За воспоставување и модернизација на собирни центри за печурки и медицински/ароматични/зачински растенија** кои се основани согласно Закон за задругите („Сл. весник на РМ“ бр. 54/02, 84/05) и се регистрирани во Централниот регистар.<br>**г) За воспоставување на работилници за традиционални занаетчиски дејности[5] и работилници за одржување на земјоделска механизација:**<br>- **земјоделски стопанства** - кои се регистрирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства во МЗШВ во согласност со Законот за земјоделство и рурален развој (“Сл. весник на РМ“ бр. 134/2007,49/10),<br>- **занаетчии** согласно Законот за занаетчиска дејност („Сл. весник на РМ“ бр. 62/04, 55/07, 115/10),и регистрирани во Комора на занаетчии за вршење на соодветната дејност.<br>- **правни лица** кои се основани согласно Законот за трговски друштва („Сл. весник на РМ“ бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10) и се регистрирани во Централниот регистар како трговец поединец или трговско друштво во рангот на микро трговец за вршење на соодветната занаетчиска дејност.<br>**Напомена[5]: Списокот на традиционални занаетчиски дејности е наведен во Прилог 7 од Упатството за корисници на средства од ИПАРД Програмата 2007-2013.**<br>**д) За активности за рурален туризам-сопственици или корисници на стари традиционални објекти, сопственици/концесионери на рибни ревири или води за спортски риболов или сопственици на приватни шуми,** кои се:<br>- **земјоделски стопанства -** кои се регистрирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства во МЗШВ во согласност со Законот за земјоделство и рурален развој (“Сл. весник на РМ“ бр. 134/2007,49/10),<br>- **правни лица -** кои се основани согласно Законот за трговски друштва („Сл. весник на РМ“ бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10) и се регистрирани во Централниот регистар како трговец поединец или трговско друштво во рангот на микро трговец,<br>- **занаетчии** согласно Законот за занаетчиска дејност („Сл. весник на РМ“ бр. 62/04, |

55/07, 115/10), и регистрирани во Комора на занаетчии.

**2) Големина на производни капацитети**

Големината на производствени капацитети за инвестиции за воспоставување на преработувачки капацитети на земјоделско стопанство и вон земјоделско стопанство:

- за преработка на овошје и зеленчук, барателот треба да поседува или закупува минимум 0,5ха површина под овошје или зеленчук;[6]
- за преработка на млеко, барателот треба да поседува најмалку 10 молзни крави или 150 молзни овци или 50 молзни кози;[6]
- за производство и продажба на мед, барателот треба да поседува најмалку 30 пчелни семејства;[6]
- за преработка на лековити/ароматични и зачински билки, барателот треба да поседува или изнајмува најмалку 0,75ха површини под лековити/ароматични и зачински билки содржани во **Список на лековити/ароматични билки и зачини во Прилог 5 од Упатство за корисници на средства по ИПАРД Програмата 2007-2013**;
- за преработка и продажба на печурки, барателот треба да поседува минимум 30м2 за одгледување на печурка.[6]
- Доколку барателот инвестира во реконструкција на објекти за рурален туризам на лозарско земјоделско стопанство и/или винарските визби за рурален туризам надополнети со рекреативни капацитети, барателот мора да има капацитет од минимално годишно производство еднакво на 20хл и капацитет од максимално годишно производство еднаков на 400хл

**Напомена[6]:** Доколку барателот не ја исполнува бараната големина на производните капацитети треба да приложи склучени договори (за период од најмалку една година) со локални производители на суровина за обавување на дејноста за преработка.

**3) Барателите треба да докажат соодветен степен на завршено стручно образование односно:**

- Во согласност со Правилникот за начинот на проверка на знаењата и начинот на издавање на потврди за стекнати основни знаења за хигиена на храната и заштита на животната средина („Сл. весник на РМ" бр. 118/2005);
- Во согласност со Законот за стручното образование и обука („Сл. весник на РМ" бр. 71/2006, 117/2008, 148/09), уверението може да се добие во институциите за стручно образование и подготовка (училишта за стручно образование и центри за стручна подготовка);
- Занаетчиите можат да извршуваат занаетчиска активност доколку поседуваат соодветно стручно образование или соодветни стручни вештини за извршување одредени занаетчиски дејности.
- лицето одговорно за правниот субјект не смее да биде постар од 59 години за мажи и 57 за жени, земајќи ја во предвид старосната граница за пензионирање од 64 години за мажи и 62 за жени во согласност со одредбите од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Сл. весник на РМ" бр. 80/93, 14/95, 71/96, 32/97, 24/00, 96/00, 5/01, 85/03, 50/04, 4/05, 84/05, 101/05 , 70/06), 153/07, 152/08, 161/08, 81/09,156/09, 83/10)
- Одговорното лице во правното лице мора да биде во редовен работен однос.

| | |
|---|---|
| 5.2. | **Висина на финансирање по мерка 302**<br>**Минималната вредност** а на прифатливи трошоци е 5.000 евра (307.527,50 во денарска противвредност)<br>**Максималната вредност** а на прифатливи трошоци неможе да надмине 200.000 евра (12.301.100,00 во денарска противвредност)<br>**Други финансиски ограничувања** кои се применуваат:<br>– Вкупните прифатливи трошоци на туристички активности (продажни места, простории за дегустација на вино и рекреативни капацитети) не треба да надминува 25% од вкупните прифатливи трошоци на инвестициите (со исклучок на вкупните прифатливи општи трошоци) предвидени во рамките на буџетот на проектот, доколку целокупниот проект има за цел реконструкција на објекти на земјоделско стопанство наменети за рурален туризам;<br><br>**Максималниот износ на прифатливи трошоци за ко-финансирање на еден корисник неможе да надмине 250.000 евра во рамките на финансиски период 2007-2013 година.**<br>**Еден корисник може да поднесе повеќе барања за користење на средства од ИПАРД Програмата 2007-2013, под услов да не го надмине максималниот износ на прифатливи трошоци за финансирање и доколку претходните проекти се успешно завршени, односно финансиската поддршка е целосно исплатена.** |
| 6. | **Општи прифатливи трошоци** |
| | Прифатливи трошоци за ко-финансирање се однесуваат на:<br>а) изградба или обновување на објекти<br>б) набавка на повеќегодишни насади<br>в) набавка на нови машини и опрема, вклучувајќи компјутерски софтвер во износ на пазарната вредност на средствата<br>г) општи трошоци поврзани со прифатливи трошоци наведени во точките а), б) и в) како што се архитекти, инжињери и други консултантски трошоци, физибилити студии, стекнување на патентни права и лиценци во максимален износ од 12% од вкупните прифатливи трошоци наведени во точките а), б) и в) и се во согласност со следните услови:<br>- за проекти со вкупни прифатливи трошоци на инвестиции наведени во точките а), б) и в) помеѓу 1.000.000,00 евра, односно во денарска противвредност од 61.505.500,00 денари и 3.000.000,00 евра, односно во денарска противвредност од 184.516.500,00 денари, трошоците за изработка на деловен план не можат да бидат поголеми од 4% од прифатливите трошоци на овие инвестиции, и<br>- за проекти со вкупни прифатливи трошоци на инвестиции наведени во точките а), б) и в) помали од 1.000.000,00 евра, односно во денарска противвредност од 61.505.500,00 денари, трошоците за изработка на деловен план не можат да бидат поголеми од 5% од прифатливите трошоци на овие инвестиции, и<br><br>**Прифатливите специфични трошоци по типови на инвестиции се детално наведени за секоја поединечна мерка и тип на инвестиција во Упатство за корисници на средства по ИПАРД Програмата 2007-2013.**<br><br>Ко-финансираните прифатливи трошоци треба да потекнуваат од земјите членки на Европската Унија, земјите кандидати за членство во Европската Унија, потенцијалните земји кандидати за членство во Европската Унија и земјите корисници на инструментот „Европско соседство и партнерство“ и други земји кои имаат реципроцитетен пристап до надворешната |

| | |
|---|---|
| | помош на Европската Заедница. Списокот на овие земји е наведен во **Упатство за корисници на средства по ИПАРД Програмата 2007-2013.** |
| 7. | **Неприфатливи трошоци** |
| | Следниве трошоци не се прифатливи за ко-финансирање:<br>- даноци, вклучувајќи даноци на додадена вредност;<br>- царини и увозни давачки, или некои други давачки;<br>- купување, изнајмување или закуп на земја и постојни објекти, независно од тоа дали закупот ќе доведе до пренесување на сопственоста на закупецот;<br>- казни, финансиски казни и трошоци од судски спорови;<br>- оперативни трошоци;<br>- користени машини и опрема;<br>- банкарски давачки, трошоци за гаранции и слични давачки;<br>- трошоци за конверзија, давачки и загуби од девизниот курс поврзани со сметката во евра на ИПАРД, како и други исклучиво финансиски трошоци;<br>- придонеси во натура;<br>- купување на права за земјоделско производство, животни, годишни растенија и нивно засадување;<br>- секое одржување, амортизирање и трошоци за наем;<br>- трошоци на јавната администрација во управување и спроведување на помошта, имено оние на оперативната структура и, особено, режиски трошоци, наеми и плати на персоналот ангажиран за активности на управување, спроведување, следење и контрола. |
| 8. | **Пресметување на курсот на еврото** |
| | Износите изразени во евра се пресметуваат во денарска противвредност според средниот курс на еврото утврден од Европската централна банка. За месец февруари 2011 година курсот на еврото изнесува **61,505500 денари за 1 евро** (www.ec.europa.eu/budget/inforeuro). |
| 9. | **Рок за реализација на инвестицијата** |
| | Прифатливиот период за реализирање на секоја инвестиција е најмногу 24 месеци од денот на потпишување на Договор за користење на средства. |
| 10. | **Општи критериуми и услови за корисници** |
| | Барателот треба да пополни и поднесе Барање за користење на средства по соодветната мерка, како и:<br>1. Деловен план, со кој се докажува економска одржливост/исплатливост и можност за нови вработувања и кој се изготвува согласно **Упатството за изготвување на Деловен План;**<br>2. Документација за спроведена постапка за прибирање на најмалку три понуди од различни независни понудувачи со техничка спецификација и земја за потекло за секоја поединечна набавка на стоки и услуги, како и изјава од производителот за земја на потекло на понудените производи, доколку вредноста на поединечната ставка изнесува повеќе од 10.000 евра, односно во денарска противвредност од 615.055 денари., односно една понуда од независен понудувач со техничка спецификација и земја за потекло за секоја поединечна набавка на стоки и услуги, како и изјава од производителот за земја на потекло на понудените производи, доколку вредноста е |

под 10.000 евра, односно во денарска противвредност од 615.055 денари. Понудите треба да се прибавени од лица со кои барателот не е поврзан во сопственички и роднински односи и/или од добавувачи кои не се меѓусебно сопственички поврзани,

3. Доказ за подмирени давачки по основ на даноци и придонеси кон државата по основ на здравствено, пензиско и социјално осигурување,
4. Доказ за подмирени обврски кон Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство по основ на склучен договор (само за баратели по мерка 101 и мерка 103),
5. Доказ за обезбедени парични средства за реализација на инвестицијата (само за баратели по мерка 103),
6. Доказ дека е сопственик на земјоделското земјиште или има договор за закуп или право на користење на земјоделското земјиште за најмалку 5 години односно 10 години во случај кога инвестициите се однесуваат на обновување на повеќегодишни насади или подобрување на системот за наводнување.
7. Доказ дека е сопственик на градежен објект или има договор за закуп или право на користење на градежниот објект за најмалку 5 години односно 10 години во случај кога инвестициите се однесуваат и на градежни работи. Во случај на изградба на нов објект, треба да се поднесе доказ за сопственост или право на користење на градежното земјиште,
8. Да изготви и поднесе техничка проектната документација заедно со плановите за изградба/обновување доколку предметот на инвестиција вклучува градежни работи, и доказ дека проектот ги исполнува градежните стандарди на Општината и останати стандарди во согласно со урбаните или просторните планови.
9. Доказ за направени општи трошоци и трошоците за подготовка на деловен план направени по 01.01.2007 година,
10. Доказ за усогласенот на инвестицијата со Стратегијата за локален развој на општината во која се наоѓа инвестицијата. Доколку општината сѐ уште не ја усвоила Стратегијата за локален развој во времето на поднесувањето на барањето за користење на средства, барателот во Деловниот план приложува анализа на придонесот на инвестицијата за локалниот економски развој на општина во која се наоѓа инвестицијата и
11. Мислење од соодветното техничко тело за оценка на исполнетоста на релевантните национални закони и релевантните стандарди на Европската Унија поврзани со инвестицијата.

Инвестициите мора да ги исполнуваат минималните национални стандарди за заштита на животната средина, јавното здравство, здравјето на животните и растенијата, благосостојба на животните и заштита при работа до моментот кога се донесува решение за одобрување финансиска поддршка.

Во случај кога минималните национални стандарди кои се усогласени со стандардите на Европската Унија, се новововедени во периодот кога барањето за финансиска поддршка е поднесено, поддршката може да се додели без разлика на несоодветност со стандардите, но под услов новововедените стандарди да се постигнат со реализација на инвестицијата.

**Документите кои се издаваат врз основа на јавните книги или востановен систем на евиденција не треба да се постари од три месеци од денот на објавување на јавниот**

**оглас.**

**Согласно Уредбата за начинот и постапката за користење на финансиска поддршка за мерките на рурален развој финансирани од компонента V – ИПАРД од инструментот за предпристапна помош ИПА (“Сл. весник на РМ“ бр. 112/09) документите кои се доставуваат во прилог на барањето за користење на средства треба да се во оригинал на македонски јазик или копија заверена на нотар, доколку не е поинаку определено. Доколку документацијата е на друг јазик истата треба да биде придружена од превод на македонски јазик заверен од овластен преведувач, а доколку се работи за официјален документ на друга држава треба да биде оверен со апостил.**

**Подетални информации за специфичните барања за прифатливост се наведени во *Упатство за корисници на средства по ИПАРД Програмата 2007-2013*.**

**11. Постапка пред Агенцијата**

Постапката на Агенција од прием на Барањата до склучување на Договор за користење на средства се состои од :

1. Проверка на комплетноста на приложените документи согласно бараните документи по мерки и типови на инвестиции и тоа:
    - Дали документите се издадени од соодветни институции*;*
    - Дали документите ги поседуваат сите елементи со кои докажуваат дека се веродостојни (печат, потпис на одговорно лице, датум, итн.)
    - Дали документите се со рок на важност кој е наведен во *Барањето за користење на средства*;

Барателот треба да изврши дополнување на некомплетните барања за користење на средства врз основа на добиено писмено известување од страна на Агенцијата. Рокот за дополнување на некомплетните барања не може да биде пократок од 8 дена.

2. Проверка на соодветноста на барање за користење на средства се прави со цел да се утврди:
    - Дали доставените документи докажуваат исполнување на критериумите и условите за прифатливост на предложените инвестициони активности;
    - Дали предложената инвестиција е економски и финансиски остварлива и одржлива, што се проверува преку анализа на параметрите содржани во приложениот деловен план;
    - Дали предложената инвестиција за која се бара финансиска подршка не е финансирана од други јавни извори на средства (Буџет на Република Македонија и меѓународни донатори);
    - Дали цените на предложените инвестициски активности се во рамките на пазарните цени преку анализа на референтните цени за соодветните активности.

Со цел да се утврди автентичноста на техничките параметри, економските и финансиските податоци, Агенцијата има право да бара дополнителни документи и информации како основ за донесување на одлука.

Верификација на веродостојноста на податоците содржани во Барање за користење на средства вршат овластени лица на Агенцијата со контрола на лице место.

Рангирањето се врши на сите комплетни и соодветни барања за користење на средства

согласно приложените табели за рангирање по пооделни мерки

Финансиската поддршка ќе се одобри за сите комплетни и соодветни барања за користење на средства во рамките на расположливите средства по мерка врз основа на извршена административна и контрола на лице место.

Некомплетните, несоодветни како и барања за користење на средства кои имаат помал број на поени во однос на расположливите средства по мерка, ќе бидат одбиени со Решение.

Со барателот чие барање за користење на средства е одобрено се потпишува Договор во рок од 30 дена од денот на добивањето на Решение за одобрување на средства од ИПАРД Програмата.

Барателите не смеат да започнат со реализација на инвестицијата пред потпишување на Договор за користење на средства со Агенцијата, со исклучок на активностите поврзани со општите трошоци (изработка на деловен план, физибилити студија, архитекти, проектна документација).

По завршување на инвестицијата , барателот е должен да достави до Агенцијата барање за исплата во рок утврден во Договорот за користење на средства.

Барателот кој ќе потпише договор со Агенцијата е должен инвестицијата која што е предмет на договорот да не ја отуѓува, дава под закуп или заем, не ја смени намената и локацијата на истата за целовреметраење на договорите односно 5 години од последната исплатата на финансиските средства.

Контрола на лице место и спроведувањето на надзор врз договорот вршат овластени лица од релевантните институции од Република Македонија и Европската Унија.

Согласно Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој ("Сл. весник на РМ" бр. 72/07, 5/09), Агенцијата одлучува по однос на поднесено барање за користење на средства односно барање за исплата најдоцна во рок од три месеци од истекот на рокот за поднесување на барањето за користење на средства, односно Јавниот повик за доставување на барања за користење на средства и три месеци од добивањето на барањето за исплата.

Барањата за користење на средства, како и документите доставени во прилог не се враќаат.

## 12. Критериуми за избор на корисници

### 12.1. Критериуми за рангирање на барања по мерка 101

Барањата кои ги исполнуваат условите за користење на финансиска поддршка за мерка 101 се рангираат со бодување на следниот начин:

| | Цели на мерката | ПОКАЗАТЕЛ | Бодови во случај на исполнување | Макс. |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Поддршка за здруженијата на занаетчии и заеднички активности | Доколку инвестицијата е предложена од индивидуални земјоделски производители, кои се членови на земјоделска задруга или здруженијата на земјоделци | 35 | 35 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Доколку инвестицијата е предложена од земјоделските задруги | **30** | | |
| | | | | Доколку инвестицијата е предложена од правни лица воспоставени од здруженијата на земјоделци | **25** | | |
| | | **2** | **Унапредување на заштитата на околината** | Доколку инвестицијата е насочена кон воспоставувањето на систем на заштеда на енергија и за заштеда на вода на земјоделското стопанство, како и унапредување на земјоделските практики за заштита на животната средина | **25** | **25** | |
| | | **3** | **Подобрување на родовата и половата структура во руралните области** | Доколку носител на земјоделско стопанство за кое е поднесена инвестицијата е жена | **15** | **30** | |
| | | | | Доколку инвестицијата е предложена од страна на млади земјоделци (помеѓу 18 и 40 години) | **15** | | |
| | | **4** | **Трговска ориентација на земјоделското производство** | Доколку доставувањето на примарен производ произведен на земјоделско стопанство во пазарниот ланец за храна е по пат на договорни односи | **10** | **10** | |
| | | | | | **ВКУПНО** | **100** | |

**12.2.** **Критериуми за рангирање на барања по мерка 103**

Барањата кои ги исполнуваат условите за користење на финансиска поддршка за мерка 103 се рангираат со бодување на следниот начин:

| | Цели на мерката | ПОКАЗАТЕЛ | Бодови во случај на исполнување | Макс. поени |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Цел на проектот | Доколку инвестицијата е наменета кон модернизирање и технолошко усовршување на постојните претпријатија за време на затворање на застарените претпријатија | 30 | 30 |
| | | Доколку инвестициите се наменети за отворање центри за собирање свежо овошје и зеленчук и сурово млеко или кланици за живина | 25 | |
| | | Доколку инвестициите се наменети за модернизирање и технолошко усовршување на постојните претпријатија со оглед на зголемување на квалитетот на производот | 20 | |
| 2 | Заштита на животната средина | Доколку инвестициите се наменети за намалување на негативното влијание врз животната средина преку прочистување на водата | 15 | 30 |
| | | Доколку инвестициите се наменети за прочистување на отпад и рециклирање за време на валоризација на нуспроизводите | 15 | |
| 3 | Подобрена контрола на квалитетот на производите | Доколку инвестициите се наменети за отворање лаборатории или модернизирање на постојните | 15 | 25 |
| | | Доколку инвестициите се наменети за опрема за надгледување на квалитетот, системи за контрола и следење | 10 | |
| 4 | Договорни односи со индивидуални земјоделски производители | Доколку инвестицијата се однесува на модернизирање на постојните претпријатија, а сопствените набавки и договорни односи со индивидуални земјоделски производители опфаќаат најмалку 50% од набавките и се однесуваат за период од најмалку една година | 15 | 15 |
| | | Доколку се работи за нови инвестиции, а сопствените набавки и договорни односи со индивидуални земјоделски производители опфаќаат најмалку 50% од набавките на суровини за период од најмалку една година по завршувањето на проектот. | 10 | |

| | | |
|---|---|---|
| | ВКУПНО | 100 |

| | Цели на мерката | ПОКАЗАТЕЛ | Бодови во случај на исполнување | Макс. поени |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Цел на проектот | Доколку корисникот е компанија за преработка на месо | 40 | 40 |
| | | Доколку корисникот е кланица | 30 | |
| 2 | Заштита на животната средина | Доколку корисникот е поврзан со јавна канализација | 30 | 30 |
| | | Доколку корисникот употребува септичка јама како канализационен систем | 20 | |
| 3 | Помош за жени и млади економски оператори | Доколку одговорното лице во правното лице е жена | 15 | 30 |
| | | Доколку инвестицијата е предложена од млади економски оператори помеѓу 18 и 40 години | 15 | |
| | | ВКУПНО | | 100 |

**12.3.** **Критериум за рангирање на барања по мерка 302**

Барањата кои ги исполнуваат условите за користење на финансиска поддршка за мерка 302 се рангираат со бодување на следниот начин:

| | Цели на мерката | ПОКАЗАТЕЛ | Бодови во случај на исполнување | Макс. поени |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Локација на проектот | Доколку инвестицијата е лоцирана во општините со рурални центри, ридски и планински населени места, погранични подрачја, економски неразвиени или специфични подрачја | 15 | 35 |
| | | Доколку инвестицијата е лоцирана во општина која се наоѓа во близина на заштитено подрачје согласно Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10) | 10 | |
| | | Доколку инвестицијата е лоцирана во општината која е блиска до културно наследство или до археолошко наоѓалиште кое е именувано во согласност со Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република | 10 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Македонија“ бр. 20/04, 115/07) | | |
| **2** | **Создавање на можности за вработување** | Доколку инвестицијата предвидува можности за вработување на најмалку 5, а најмногу 10 лица | **15** | **15** |
| | | Доколку инвестицијата предвидува можности за најмалку три нови вработувања | **10** | |
| | | Доколку инвестицијата предвидува можности за најмалку едно ново вработување | **5** | |
| **3** | **Заштита на традицијата и наследството** | Доколку инвестициите ги почитуваат традиционалните својства од руралните области онаму каде се лоцирани (традиционален надворешен и внатрешен изглед на градбите, традиционални рецепти, кујна, занаетчиство итн.) | **20** | **20** |
| **4** | **Промовирање партнерски дејствија** | Доколку се работи за здружени проекти кои вклучуваат приватни партнерства помеѓу различни рурални економски оператори | **10** | **10** |
| **5** | **Подобрувањ е на родовата и половата структура во руралните области** | Доколку одговорното лице во правното лице е жена односно носител на земјоделско стопанство за кое е поднесена инвестицијата е жена | **10** | **20** |
| | | Доколку инвестицијата е промовирани од лица на возраст од 18 до 40 години | **10** | |
| | | | **ВКУПНО** | **100** |